# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Кочо Рацин"- Скопје, Центар

За период од 2023 до 2027



**Август 2023**

# Преамбула

Развојната програма на ООУ „Кочо Рацин"-Скопје, Центар за периодот од 2023 -2027 година е изготвена врз основа на член 49 став 1, 2 и 3 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19), член 1,2 и 3 од глава I и член 4,5 од глава II од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија.

Развојната програма се базира на: Законот за основно образование; Наставните планови и програми од БРО; Концепцијата за основно образование денесена со решение бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година; Развојната програма на училиштето од 2019-2023 година; Извештајот од интегралната евалуација на училиштето од 12.12.2019 година со бр.09-853/2; Статутот на училиштето; Самоевалуацијата на училиштето од 2022 година; Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година; Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година; Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја; Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта; Интерни акти (Статут, Етички кодекси, Деловници за работа на органите и друго); Законот за јавни набавки.

Развојната програма е документ со кој се планираат мисијата и визијата, стратешките цели и приоритетните подрачја за развој на училиштето во период од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции, како и начинот на следењето и еваулацијата на Развојната програма, а се со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

# СОДРЖИНА

Преамбула........................................................................................................................ 1

Вовед............................................................................................................................... 4

1.Податоци за основното училиште ................................................................................ 5

1.1 Идентификациони податоци за основното училиште ................................................ 5

1.2 Историјат на основното училиште................................................................................ 6

1.3 Специфики кои го карактеризираат основното училиште од другите основни училишта........................... 7

2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште .......................... 7

2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси и стручен профил) ..................... 7

2.2 Работен стаж на вработените ..................................................................................... 8

2.3 Простор ..................................................................................................................... 8

2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства”. 9

2.5 Материјално – финансиско работење на училиштето ..................................................15

3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план ,проширена програма и друга восптно образовна работа.........................................................................................................15

4. Евалуација на работата на основното училиште во последните четири години ..............17

4.1 Самоевалуација на основното училиште (интерно) ....................................................................17
4.2 Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна) ........................................................32
5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)......................................53
6. Мисија и визија на основното училиште ........................................................................................59
7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период .......60
8. Соработка на основното училиште со родителите /старателите ......................................................69
9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн. .......69
10. Следење на имплементација на Развојната програма за работа на основното училиште.............................70
11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште ..............................................71
12. Заклучок ..................................................................................................................................72
13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ...............................72
14. Користена литература ................................................................................................................73

## Вовед

Општинското Основното училиште „Кочо Рацин ”- Центар, Скопје остварува задолжително основно образование и е дел од државниот воспитно-образовен систем. Целта на воспитно–образовен систем е стекнување на општо образование и воспитување со најдобар интерес иоптимален развој на ученикот. Во воспитно-образовниот процес се исполнуваат следниве задачи:

- совладување на основните елементи на современото општо образование;
- оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време;
- развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење и решавање на проблеми, самостојност и интерес за многу знаења;
- познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење;
- стекнување и развивање свест за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина;
- развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста, воспитување за хуман и културен и конструктивен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување;
- негување и развивање на културата и културното наследство;
- стекнување на сознанија за убаво однесување и нивно практикување.

Училиштето посебно внимание посветува на подобрување на севкупното живеење во училиштето и тоа: унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес преку примена на современи методи, техники и стратегии на учење и поучување, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, реализирање на креативна, интерактивна и интегрирана настава, инклузивност, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

Почитувајќи ги детектираните јаки и слаби страни во работата на училиштето, поставените приоритети утврдени врз база на потребите на учениците и воспитно–образовниот кадар во Развојната програма ќе бидат дефинирани и конкретизирани целите кои треба да се постигнат во одредени подрачја преку реализирање на однапред определени активности.

## 1.Податоци за основното училиште

### 1.1 Идентификациони податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **„ООУ "Кочо Рацин"** |
| **Адреса,место,општина** | **Тодор Александров бр. 2 - Центар** |
| **Телефон** | **002 3 176 404** |
| **Фах** | **002 3 177 577** |
| **Веб-страна** | **kocoracin.edu.mk** |
| **Е-маил** | **коco_racin@yahoo.com** |
| **Ден на училиштето** | 18.12 |
| **Основано од** | **1945** |
| **Верификација- број на актот** | **Решение бр. 15-2219** |
| **Година на верификација** | **26.06.1984** |
| **Година на изградба** | **1936/1937 година и доградба 1957** |
| **Тип на градба** | **Тврда** |
| **Внатрешна површина на објектот** | **3622м2.** |
| **Површина на училишниот двор** | **4560 м2** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | **2620 м2** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **Парно греење** |
| **Училиштето работи во смени** | **Прва** |
| **Број на паралелки** | **23** |
| **Број на комбинирани паралелки** | **/** |
| **Јазик на кои се реализира наставата во училиштето** | **Македонски** |
| **Во училиштето има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | **Нема** |
| **Во училиштето има паралелки од музичко училиште** | **Нема** |
| **Во училиштето има ресурсен центар** | **Нема** |

## 1.2 Историјат на основното училиште

ООУ „Кочо Рацин" е основно училиште во Општината Центар – Скопје, основано на 04.12.1944 година. Носител на основачките права е општината Центар. Училиштето се наоѓа во населба Водно, на улица „Тодор Александров" број 2 во Општина Центар – Скопје.

Училишната зграда е од тврда градба градена етапно од 1936/1937 година до 1957 година кога е извршена доградба на училиштето. Во 1963 година се изградени спортски терени за кошарка, одбојка и ракомет. Училишната зграда се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект.

Училишниот двор има 2 спортски терени (игралишта) и хортикултурно уреден училишен двор.

Училишната зграда се загрева со парно на централно греење.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реонот на училиштето во кој се опфатени децата од Водно, Капиштец, Тасино чешмиче и дел од населбата Црниче како и децата од Дом семејства– Скопје. Во учебната 2022/2023 година учеа вкупно 571 ученици, од нив 311 се машки и 260 се женски ученици, со вкупно 23 паралелки , од кои 12 паралелки во одделенска настава и 11 паралелки во предметна настава.

Во училиштето продолжен престој (целодневна настава) се реализираше во 8 паралелки од I-III одделение, во IV одделение продолжен престој (дневен престој од ученици од две те паралелки) , додека во V одделение се реализираше класична настава.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Во однос на наставниот процес училиштето има позитивни определби за внесување на промени во образованието, пред се во вклучување во проекти со кои раководи Министерството за образование и наука за примена и развивање на нови методи, стратегии и форми на работа со цел подобрување на наставата, воведување на постапки кои ќе ја поттикнуваат активноста на ученикот и тоа првенствено мисловните активности и надминување на традиционалната настава.

Промените стануваат дел од вообичениот живот на животот во училиштето.

Постигнати се значајни резултати во однос на:

1. Подобрување условите на работа на во училиштето
2. Унапредување на наставата
3. Стручно усовршување на наставниците
4. Создавање на добра клима и атмосфера во училиштето

Со вистинско залагање на сите субјекти вклучени во воспитно-образованта работа во и надвор од училиштето, училиштето е тоа што е денес.

### 1.3 Специфики кои го карактеризираат основното училиште од другите основни училишта

Училиштето поседува традиционални вредности испреплетени со современите трендови во образованието. Со години наназад, заради својата местоположба во градот, заради квалитетната и современа настава, чувството на безбедност на учениците, константно добриот успех на учениците и нивните успеси во понатамошното школување, кои се значајни индикатори за училиште со висок квалитет, училиштето ги привлекува родителите од сите делови на Скопје да се определат своето дете да биде дел од нашата успешна приказна.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси и стручен профил)

| **Стручен профил** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ВСС** | **ВШ** | **СС** | **О** |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 22 | 22 | / | / | / |
| | Предметна настава | 23 | 22 | 1 | / | / |
| Раководен кадар | 1 | | 1 | / | / | / |
| Стручни соработници | 4 | | 4 | / | / | / |
| Административни службеници | 2 | | 2 | / | / | / |
| Помошен и технички кадар | 10 | | / | / | 9 | 2 |

## 2.2 Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени административни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 6 | 1 | / | 4 | / |
| Од 10 до 20 години | 10 | 10 | / | / | 1 | / |
| Од 20 до 30 години | 6 | 5 | 3 | 2 | 3 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 2 | 1 | / | / | 2 | / |
| Вкупно | 21 | 22 | 4 | 2 | 10 | 1 |

## 2.3 Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|
| Училници | 12 | 712 | Кречење и фабање со мрсна боја |
| Кабинети | 12 | 418 | Кречење и фабање со мрсна боја |
| Просторија за техничко образование | 1 | 37,08 | Кречење и фабање со мрсна боја |
| Просторија за технички персонал | 1 | 17,20 | Кречење |
| Библиотека | 1 | 35 | Кречење и фабање со мрсна боја |
| Простории за настави средства и помагала | 9 | 104,90 | Кречење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Архива | 1 | 20 | Кречење |
| Санитарни јазли | 26 | 392 | Кречење и фабање со мрсна боја и приспособувањ на дел од санитарните јазли за ученици со физичка попреченост |
| Спортска сала | 1 | 455 | Кречење и замена на сариот паркет со нов |
| Канцеларии | 4 | 115,48 | Кречење |
| Училиштен двор | 1 | 4620 | Обновување на пристапните патеки, поставување на систем за наводнување и зазеленување со трева и друга ниска вегетација |
| Спортски терени | 2 | 2620 | Обновување на спортските терени |
| Кујна | 1 | 48 | / |
| Трпезарија | 1 | 98 | Обновување на спортските терени |
| Друго - паркинг | 1 | 250 | Кречење и фабање со мрсна боја |

## 2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства"

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Англиски јазик – одделенска и предметна | CD плеер x 4 | **сликовници с**о разен вокабулар ( за потребите во одделенска настава)<br><br>**лего коцки** (составување еко град во склоп на проект)<br><br>**постери** со разен вокабулар и граматички структури<br><br>Стиропор (за закачување на проекти)<br><br>Смарт табла |
| Германски јазик | CD плеер x 1<br>Постери на германски јазик x 5 | Смарт табла |
| Хемија | Постер периоден систем x 2<br>Постер SI систем x 1 | Суфурна киселина<br>Азотна киселина |

| | | |
|---|---|---|
| | Модел на атом x 1<br>Лабараториски сет x 1<br>Дигитална вага x 1<br>Електронски пипети x 3<br>Сталак за епрувети x 1 | Хлороводна киселина<br>Натриум хуфроксид<br>Етанол<br>Боракс<br>Син камен<br>Сода бибакарбона<br>Оцетна киселина |
| Информатика | 30 микробит уреди<br>30 адаптери за батерии<br>30 микро УСБ кабли<br>30 пара батерии ААА 1,5 V Smart board<br>Персонален компјутер x2 | 30 компјутери |
| Математика предметна | Пластични геометриски тела x1<br>Триаголници x4<br>Шестари x2<br>Агломер x2 | Пластични геометриски тела |
| Музичко образование – предметна | Систем за музика x 1 | Синтисајзер<br>Смарт табла |
| Физичко образование одделенска | Обрачи x 16<br>Хулахоп x 5<br>Јаже за скокање x 10<br>Чуњеви x 50<br>Конуси x 10<br>Сталки x 8<br>Препреки x 6<br>Душеци – мали x 2<br>Тренежна скала x 1<br>Топка за кошарка x 2<br>Топка за одбојка x 2 | Карики - 1<br>Разбој -1<br>Јарец -1<br>Отскочна даска -1<br>Душек со дебелина од 70см -1<br>Топка за кошарка -10<br>Топка за одбојка – 10<br>Топка за ракомет - 10 |
| Физичко образование Предметна настава | Мрежа за одбојка x 1<br>Топка за одбојка x 4<br>Топка за кошарка x 6<br>Топка за ракомет x 5<br>Фудбал x 1<br>Душек x 4<br>Греда x 1<br>Кошеви x 4 | |

| | | |
|---|---|---|
| Техничко образование | Велосипед x 1 | / |
| Биологија | Модел на скелет x 1<br>Модел на човечки органи x 1<br>Модел на череп x 1<br>Модел на бели дробови x 1<br>Модел на свет x 1<br>Модел на скелет x 1<br>Модел на око x1<br>Модел на уво x 1<br>Модел на машки репродуктивни органи x 1<br>Модел на срце x1<br>Модел на растителна клетка x1<br>Модел на животинска клетка x1<br>Модел пресек на ткиво x1<br>Модел на ДНК молекула x1<br>Препарати на животински ткива x15<br>Препарати на растителни ткива x15<br>Прибор за дисексија x 1<br>Пицети x 3<br>Петриеви садови x 10<br>Елермаер, колба, стаклени чаши x 3<br>Инки x 3<br>Шпиртна ламба x 1<br>Епрувети x 4<br>Четка за епрувети x 1<br>Бактериолошка еза x 1<br>Дрвен сталак за епрувети x 1<br>Пипети x 1<br>Постер за нервен систем x 1<br>Енциклопедија за животни x 1<br>Микроскоп x 1 | Нагледни постери за човек, животни, растенија<br>Епрувети, чаши, колби, елемаер<br>Енциклопедии |
| Физика | Прибор за Архимедов закон x 1<br>Прибор за Паскалов закон x 1<br>Дигитален термометар x 1<br>Обични термометри<br>Лост x 3<br>Сет- сила на триење x 1<br>Терезија (1 нова, 1 стара) + сет тегови<br>Дигитална вага x 2<br>Динамометри x 4 | / |

| | | |
|---|---|---|
| | Саклени садови (епрувети)<br>Сет звучни вилушки х 1<br>Сет магнети х 1<br>Кабли<br>Отпорници<br>Амперметар<br>Волтметар<br>Модел генератор<br>Електрично ѕвонче<br>Електроскоп<br>Сет за статичен електрицитет<br>Осцилоскоп<br>Пластични геометриски тела<br>Сет линијари дрвени<br>Сет линијари пластични<br>Пластичен шестар<br>Сет стаклени тела за оптика и светлински појави | |
| Историја | Историски карти х 1 и тоа:<br>Македонија во втората половина на XIV век<br>Хелада и Јужниот Балкан во класично време<br>Воените опреции во ЕВропа<br>Македонската средновековна држава – Самоилово Царство<br>Македонската држава во време на Александар Македонски<br>Карта на Првата светска војна | Копии од уставот на СРМ<br>Копии од конвенцијата за детски права |
| Хемија | Шпиртна лампа х 1<br>Лакмус црвен х 1<br>Периоден систем х1<br>Четка за епрувети<br>Инка<br>Термометар<br>Натриум карбонат<br>Натриум хидроксид<br>Натриум хлорид | / |
| Географија | Географски карти х 1<br>Карта Јужна Америка (физичка) х 1 | / |

| | | |
|---|---|---|
| | Карта Светот (физичко-политичка) x 1<br>Карта Африка (физичко-политичка) x 1<br>Карта Азија (физичко-политичка) x 1<br>Карта Балкански полуостров (физичко-политичка) x 1<br>Карта  Европа (физичка) x 1<br>Карта Европа (политичка) x 1<br>Карта Македонија(рељефна) x 1<br>Карта Медитеран (физичка)  x 1<br>Карта Афсралија со океанија (физичка) x 1<br>Постер Градба на вулкан x 1<br>Глобус x 1 | |
| Македонски јазик | Слики од македонски преродбеници | Слики од македонски преродбеници<br>Слики од историјата на Македонскиот јазик<br>Книга - Правопис |
| Ликовно образование | / | Штафелаи x 3 |
| Одделеска настава петто одделение | Триаголници x4<br>Шестари x1<br>Агломер x2 | Физичко-географска карта на светот – размер 1 : 50 000<br>Политичко-географска карта на светот<br>Визуелни прикази за карактеристиките на населението на континентите (боја на кожа, традиција...)<br>Сложувалки со слики од главните градови на поголемите држави во светот<br>Календар за сметање на времето и илустрации од историски календари<br>Илустративен приказ на историските периоди<br>Прикази за археолошки наоѓалишта во светот и нашата држава<br>Глобус<br>2.Математика<br>Постери:<br>2Д-форми, различни видови триаголници.<br>3Д-форми (коцка, квадар, цилиндар, конус, призма, пирамида, топка). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Постер со дропки и децимални броеви<br>Постер со проценти како децимални броеви<br>Картички со децимални броеви и дропки |
| Одделеска настава четврто одделение | Триаголници x2<br>Шестари x2<br>Агломер x2<br>Карта на светот x1<br>Карта на Македонија x1<br>Компас x1<br>Глобус x1<br>Постер – Грб и знаме x1<br>Постер за народни носии x2<br>Постер за музички инструменти x2 | 3Д тела<br>2Д форми<br>Мерителни ваги (тежина, волумен и должина)<br>Куферчиња со материјал по природни науки |
| Одделеска настава трето одделение | / | Табела за множење и делење – 3<br>Табела со латични букви – 3<br>3ДЕ форми – 3<br>Постер на скелет и мускули |
| Одделеска настава второ одделение | / | Вага за течност и тежина<br>Геометриски сет за определување на плоштина<br>Магнетни логички плочки<br>Основен сет за електроника<br>Основен сет за магнетизам<br>Постер за движење на земјата околу сонцето<br>Постер –Сет сообраќајни знаци |
| Одделеска настава прво одделение | Букварка x 1<br>Линеари x 1<br>Триаголници x1<br>Шестари x1<br>Агломер x1 | Букварка – 2<br>Бројалка -3<br>Постери букви и бројки - 3<br>Линеари -2<br>Триаголници -2<br>Шестари-2<br>Агломер -2<br>Сет геометриски тела -3<br>Звучни сликовници – 3<br>Постер –Сет сообраќајни знаци-3<br>Едукативна игра математика-3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Едукативна игра македонски-3<br>Постер стотки, десетки -3<br>Постер за основни бои - 3 |
| Одделенска настава | Принтери x 9 | |
| Предметна настава | Принтери x 3 | |
| Смарт табли | 8 | |
| Бели магнетни табли | 4 | |
| Проектори | 12 | |
| Детски тастарури (асистивна технологија) | 5 | |
| Тастатура со зголемени тастери (асистивна технологија) | 1 | |

### 2.5 Материјално – финансиско работење на училиштето

Буџетските корисници и единките корисници податоците во своето сметководство ги обезбедуваат во согласност со класификација на приходите и класификација на расходите. Сите постапки со материјално-финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со Законските норми , прописи и Правилник за сметководство.

Во училиштето има комисија за јавни набавки која ги работи јавните набавки според сите прописи и правила поврзани со реализацијата на јавните набавки

Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план ,проширена програма и друга воспитно образовна работа

Дејноста на училиштетото – основно образование, е верифицирана со решение бр. 15-2219 од 26.06.1984 година од Собрание на Општина Центар.

Училиштето во учебната 2022/2023 година работеше според наставниот план за деветгодишно основно образование од БРО. Наставниот план од прво до петто одделение се реализира согласно Концепцијата за основно образование(08-3980/1 од 03.03.2021година). Во учебната 2022/2023 година се реализираат наставни

програми по задолжителни, изборни предмети и слободни изборни предмети согласно програмите од БРО за деветгодишно основно образование.

**Табела: Број на ученици**

| Учебна година | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|
| **Број на ученици** | 614 | 586 | 571 |

- Постои значително намалување на бројот на ученици споредено со претходните три учебни години.

**Проширена програма / целодневна настава**

Во ООУ "Кочо Рацин", Скопје се реализира проширена програма согласно Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма во основните училишта опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

ООУ "Кочо Рацин", Скопје, за учениците од прво, второ и третто одделение организира прифаќање и заштита на учениците два часа по завршувањето на редовната настава во согласност од родителите.

ООУ "Кочо Рацин", Скопје поставува соодветна организација за прифаќање на учениците во дежурна училница. Дежурниот наставник ги прифаќа учениците од прво, второ, трето и четврто одделение и води евиденција за времето на престојот на учениците во дежурната училница.

| Активност/ задача | Временска рамка | Носител | Ресурси |
|---|---|---|---|
| 1. Продолжен престој – Организирани активности (изработка на домашни задачи, други активности, работилници) по завршувањето на редовните задолжителни часови со времетраење од 8,00 до 14,55 часот | Во текот на наставната година | Одделенски наставници | Училница |
| 1. Згрижување на учениците од 14,55 до 16,00 часот | Во текот на наставната година | Одделенски наставници | Училница |
| 1. Згрижување на учениците од 16,00 до 17,0 часот | Во текот на наставната година | Дежурен наставник | Училница Евидентни листови |

# 4. Евалуација на работата на основното училиште во последните четири години

## 4.1 Резултати од последната самоевалуација на работата на основното училиште (интерно) по подрачја, спроведена во јуни 2022 година- интерна

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| 1. **Наставни планови и програми** | Наставниот процес во ООУ „Кочо Рацин" Скопје се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Во учебните 2020/2021 и 2021/2022 поради состојбата со пандемијата се реализираа скратени наставни планови и програми по насоки од МОН и БРО.<br>Наставата по физичко и здравствено образование од прво до третто одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенските наставници.<br>Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Од учебната 2021/2022 г. од страна на МОН и БРО, наставата се реализира според новата концепција за основно образование во прво и четвртто одд.<br>Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – IV одделение се организира продолжен престој. Наставата во училиштето се изведува во една смена.<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, огласна табла, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, како и facebook профилот на училиштето.<br>Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат Годишни /тематски планирања.<br>Во учебната 2021/2022 година во училиштето учат вкупно 8 ученици со посебни образовни потреби, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција.<br>За работа со овие ученици, во училиштето има формирано училишен инклузивен |

| | |
|---|---|
| | тим составен од седум члена, со Одлука, заведен со број 03- 849/1 од 30.09.2019 година.<br>Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и за инклузивните тимови за учениците за кои што се работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП).<br>Училишниот инклузивен тим во соработка со родителите/старателите, за 7 ученици со посебни образовни потреби изработи индивидуален образовен план за работа, додека за 1 ученик нема согласност од родителите и не се работи според индивидулна образовна програма.<br>Училиштето во учебната 2021/2022 година работеше и на откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми.<br>За работа со учениците со посебни образовни потреби во склоп на проектот Ерасмус КА101, реализирани се обуки на следните теми: Булинг, аутизам и инклузија.<br>Училиштето од учебната 2019/2020 година е вклучено во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби". Проектот е во рамките на Здружението за асиситивна технологија – „Отворете ги прозорците" и подршка од Детската фондација „Песталоци".<br>Од страна на ресурниот центар ПОУРЦ „Иднина„, во работата со учениците со ПОП, во учебната 2021/2022 година за 1 ученик обезбеди образовен асистенти.<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самосотојно да вршат избор на изорни наставни предмети според нивните интереси и потреби<br>Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br>Училиштето има изготвено проширена програма за прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започувањето и еден час по завршувањето на наставните часовив како и продолжен престој.<br>Продолжениот престој се остварува во 9 хомогени паралелки за учениците од I до IV одделение, а за учениците од петто одделение се реализира класична настава.<br>Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем .<br>Во учебната 2020/2021 не се реализираа активности поради пандемијата, додека во учебната 2021/2022 се реализираше работилница на тема „Поттикни еднаквост – биди човек" во соработка со ООУ „ Дитуруа". Исто така се изработија постери со тема: "Инклузивност и моето училиште" и се изврши снимање на видео запис со наслов: " Заедно сме посилни".<br>Училиште реализираше активностите за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето |

| | |
|---|---|
| | со учиниците од мешан етнички состав. Активностите за меѓуетничка интеграција се реализираат на часовите за животни вештини- одделенски часови преку работилници со учениците од прво до деветто одделение.<br>Најголем дел од наставниците во училиштето се обучени и сертифицирани за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и во соодржините во секој наставен предмет имаат планирани мио активности.<br>Во училиштето постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Училиштето редовно се вкључува во еколошки акции организирани од Локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на Општината и слично**.**<br>Учениците се вклучени во вонннаставните активности според сопствен избор. Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со посебни образовни програми во воонаставните активности.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, Општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат и на проекти од еколошка природа. Преку учеството и активностите во организираните секции, училиштето редовно ги афирмира личните постигања на учениците и училиштето.<br>Училиштето во последните две учебни години поради состојбата со пандемијата не ги реализираше планираните ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност.<br>Сите реализирани активности на учениците се објавуваат на веб страната и facebook страна на училиштето. Училиштето има формирано училишен спортски клуб „Кочо Рацин Центар- Скопје". регистриран во Централен Регистар на РСМ со реш. Бр. 30120150006750 од 03.04.2015 |
| **2.. Постигања научениците** | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Средниот успех во последните три учебни години е одличен (4,91). Според анализите во изминатите три учебни години, нема значително отстапување на средниот успех на учениците.<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. |

| | |
|---|---|
| | Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, но не секогаш избираат активности и изготвуваат задачи соодветни на нивните интереси и можности.<br>Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br>Во учебната 2019/2020 година учениците освоиле 32 награди на општински натпревари, 1 награда на регионални натпревари. Но поради состојбата со пандемијата со вирусот Ковид 19 , голем број на натпревари кои се организираа во периодот март-мај 2020 година не беа одржани.<br>Во учебната 2020/2021 година учениците освоиле 58 награди на општински натпревари, 41 награди на регионални натпревари и 8 награди на државни натпревари. Во учебната 2021/2022 година учениците освоиле 48 награди на општински натпревари, 37 награди на регионални натпревари, 22 награди на државни натпревари и 2 меѓународни натпревари.<br>Најмногу награди се освоени по наставните предмети физика, биологија, хемија, македонски јазик и математика, географија како и од областа на спортот и хор и оркестар<br>Училиштето не ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образованието поради немање на податоци за запишување на учениците.<br>Во текот на април и мај средните училишта вршат организирани презентации за деветтоделенците, а во месец мај се реализира отворени денови на средни училишта.<br>Согасно анализите, бројот на запишани ученици од учебната 2019/2020 година ни се намали поради отварањето на новото училиште во општина Центар, ООУ ,,Киро Глигоров‘‘-Скопје и согласно реонизацијата изготвена од Општина Центар.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Од анализите што ги водат стручните соработници за последните три учебни години, може да се констатира дека има намалување бројот на оправдани и неоправдани изостаноци.<br>Училиштето по потреба реализира советувањата на родителите и учениците и води уредна евиденција. Во последните две учебни години реализирани вкупно 4 советувања и тоа 2 по основ на намален успех и 2 по основ за несоодветно однесување на учениците . |

| | |
|---|---|
| | Во учебната 2019/2020 година не се реализирани советувања по ниеден основ.<br>Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (преселување, заминување во странство и сл.) е помал од бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи.<br>Во учебната 2021/2022 година, два ученика од четвртто одделение поради отсуство од настава повеќе од една третина од фондот на часови и постигнаа минимум резултати од учењето, на предлог на одделенските наставници и во согласност од родителот/старателот, останаа во истото одделение. Еден ученик ќе полага одделенски испит исто поради отсуство од настава повеќе од една третина од фондот на часови.<br>Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на приговор доколку е незадоволе од годишната оценка |
| **3. Учење и настава** | Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми.<br>Најмалку два пати во учебната година се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба.<br>Во помал дел од планирањата се вградени диференцирани активности по тежински нивоа каде што се предвидени задачи за сите ученици вклучувајќи ги и учениците кои имаат потешкотии во учењето.<br>Во дневното планирање на наставниците планирани се и техники со кои ќе се развива критичко размислување кај учениците, а во делот на рефлексијата вметнати се индикатори и критериуми со кои наставникот врши самовреднување на успешноста на наставниот час.<br>Освен за задолжителните и изборните наставни премети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, дополнителната и додатна настава.<br>За подобрување на квалитетот на планирањата, наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба.<br>Со учениците со посебни образовни потреби наставниците наставата ја реализираат во обемот на прилагодени програми кои ги изготвуваат во соработка со училишниот инклузивен тим.<br>Треба да се подобри соработката помеѓу наставниците, родителите и стручната служба |

| | |
|---|---|
| | во изготвување на наставни програми за според адаптирани наставни цели и предмети за деца со ПОП.<br>Распоредот на часови и за предметна и за одделенска настава се изготвува од страна на наставник по математика. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места во училиштето.<br>Училниците целосно не ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот.<br>Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Наставниците користат разновидни наставни форми и методи, што се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Најголемиот број наставници се обучени за примена на нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат. За реализација на наставниот процес се користат бесплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето и за кои се води уредна евиденција.<br>Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат планирано реализација на наставни содржини со примена на ИКТ.<br>За реализација на часовите со примена на ИКТ, има функционални декстоп компјутери со звучник и камера во секоја училница, за непречено фунционирање на настава со физичко присуство и онлајн наставата. Училиштето дополнително располага и со 20 мини лаптопи, но најголем дел од компјутерската опрема е дотраена.<br>За примена на ИКТ во наставата училиштето има опремено 8 училници со дигитални табли и 4 училници со бели табли 4 функционални ЛЦД проектори .<br>Наставниците се делумно обучени за употреба на смарт таблите и новите образовни технологии во наставата.<br>Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците. Учењето во училницата е активно за поголем број на ученици, а на часовите има работна атмосфера, која е поизразена во одделенска настава.<br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. Најголем број од наставниците користат современи форми, методи и техники на работа.<br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.<br>Средината за учење поттикнува интерес за учење во стимулативна и пријатна |

| | |
|---|---|
| | атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и др. Пред училниците има информативни паноа за учениците и родителите.<br>Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.<br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето.<br>Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар и дефектологот, заедно со психологот и педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување.<br>Во училиштето има 8 ученици со посебни образовни потреби. Од вкупно 8 ученика со ПОП, за 7 ученика се изработени ИОП, додека за 1 ученик не е изработен од причина што родителите не се согласуваат.<br>За учениците со ПОП (вклучувајќи ги и талентираните деца) пристапот од наставниците е задоволителен, но не секогаш се изготвуваат прилагодени вежби и задачи според потребите и можностите за работа со тие ученици.<br>Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br>Најголем број наставници користат разновидни методи за оценување. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. Оценката е сумативна од сите компоненти а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.<br>Учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања.<br>Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите многу добро ги применуваат.<br>Потребна е поголема грижа за секој ученик со различни способности или афинитети да биде соодветно поттикнат. |

| | |
|---|---|
| | Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квартални периоди.<br>За успехот и постигнатите резултати се расправа на формално и неформално организирани поединечни или групни родителски средби. Има истакнат распоред за приемни денови на сите наставници и истите беа реализирани онлајн |
| **4. Подршка на учениците** | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците.<br>Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Примарна заштита и безбедност во училишните простории се обезбедува преку поставување на дежурни наставници. Во доцните попладневни часови училиштето има чуварска служба<br>Во училиштето има 10 противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат. Училиштето има ангажирано обезбедување, има поставено видео надзор, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телефонска врска.<br>Училишниот двор во училиштето е ограден и хортикултурно уреден. Училиштето ги осигурало училишните објекти. Постојат и осигурителни полиси за учишниот објек, за наставниците и за учениците.<br>Во училиштето има обучено лице кое поседува сертификат за давање прва помош на ученици при несреќни случаи и училиштето располага со пакет средства за прва помош.<br>Училиштето има Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, и е составен дела на Годишната програма за работа. Постои план за евакуација со шематки приказ кој е прикачен во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти.<br>Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури . Истите се истакнати во ходниците на училиштето. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите.<br>Учениците и родителите не учествувале во донесување на тие акти. Куќниот ред е изработен од страна на стручните служби пред повеќе години и истите не се заведени.<br>Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите |

| | |
|---|---|
| | на насилство.<br>Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства.<br>Во училишната зграда има истакнато плакати и постери со кој се забранува пушење, внесување и користење на дрога и други наркотични средства во училишните простори.<br>Училиштето има организирана исхрана за учениците во училиштето и дневниот престој. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето соработува со родителите, со ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за овие ученици.<br>Пристапот во училиштето (ходници, училници и тоалетите) не е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост.<br>Во училиштето има деца од социјално загрозени семејства и домот за деца без родители. Училиштето превзема активности за ученици од домот и социјално загрозените семејства. Училиштето соработува со локалната заедница и други институции кога е во прашање помош за социјално загрозени ученици.<br>Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.<br>Хигиената во училиштето е добра. Училиштето воспитно делува учениците ја одржуваат личната хигиена. Дворот на училиштето е чист, а еден дел е хортикултурно уреден.<br>Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците и систематски прегледи на вработените. Училиштето соработува со Медицински центар и Завод за здраствена заштита за преземање на епидеимилошки мерки и едукација за здраствено воспитување на учениците и родителите по одредени прашања од ова подрачје.<br>Дезенфекција, дератизација и дезинсекција се врши два пати во годината.<br>Во училиштето во Годишната програма има планирано процедури за откривање и работа со ученици со емоционални проблеми. Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение и преку разговори со нив, посета на часови, |

| | |
|---|---|
| | разговори со родителите и наставниците.<br>На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br><br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес, но не за подобрување на планирањата на наставниците.<br><br>Училиштето применува законски постапки за учениците кои доаѓаат или преминуваат во друго училиште |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | Училиштето е препознатливо според високиот квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области.<br><br>Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите.<br><br>Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Но, исто така податоците од спроведената анкета покажуваат дека 33% делумно се согласуваат и 13% не се согласуваат дека сите ученици се одговорни и се почитуваат меѓусебе во училиштето. |

Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и во последните три години изречени се 30 педагошки мерки од кои 12 писмени опомени, 7 укори од одделенскиот раководител и 1 преместување на ученик во друга паралелка.

Училиштето има демократски формирано ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Учениците навреме и целосно се информирани од претставниците од ученички парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици.

Училиштето избира ученик на генерација со јасни критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награди и пофалница. На училишно ниво секоја учебна година се избираат и „Рациновци", ученици кои постигнале посебни резултати во одредени области.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Најголем број на наставници во училиштето подеднакво се однесуваат со почит кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста.

Од учебната 2013/2014 година училиштето го реализира МИО проектот. Активностите

| | |
|---|---|
| | се планирани во Годишната програма на училиштето. Училиштето планира заеднички наставни и воннаставни активности и врши напори да обезбеди меѓуетничка соработка со учениците и вработените со партнер училиштето ООУ „26 Јули"-општина Шуто Оризари во Скопје, но соработката е прекината поради големиот број парнер училишта со ова училиште и преоптовареност со активности. Најголем број на наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО.<br><br>Училиштето планира и презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.<br>Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. |
| **6. Ресурси** | Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје Училишната зграда е од тврда градба. Училишната зграда се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект. Училиштето располага со вкупно 3622 м2 внатрешен простор, од кои фискултурната сала е со површина од 636 м2, дворна површина со 7180 м2 ,во чии простор се наоѓаат и две спортски терени со површина од 2620м2.<br>Училиштето располага со: 12 училници, 12 кабинети, 1 ученичка лабораторија за техничко образование, библиотека,1 наставничка канцеларија, 3 канцеларии (директор, стручни соработници, секретар/домаќин), просторија за технички персонал, кујна со трепезарија, 9 помошни простории за наставни средства и помагала, просторија за архива, 26 санитарни јазли, 1 фискултурна сала.<br>Училишниот двор (согласно Нормативот од 2019 година, на скала од 1 до 5, состојбата на училишниот двор е 3). Тој е заграден со висока ограда, па следствено е физички безбедна и заштитена средина, со еден главен и два споредни влезови.<br>Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Норматите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за основно училиште од 2020 год.<br>Покривот, громобранската инсталација и електричната мрежа се во добра состојба.<br>Училиштето има проблеми со канализациската мрежа (при поголемо оптеретување на канализациската мрежа од атмосферски води, при што доаѓа до преливање во подрумските простории на училиштето). |

| | |
|---|---|
| | Училиштето се затоплува со парно греење. Прозорците се во добра состојба, па следствено енергетската ефикасност на училишната зграда е во добра состојба.<br><br>Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br>Училиштето вложува напори континуирано да обезбеди нагледни средства во текот на учебната година, но сепак се забележува недостиг на доволен број специјализирани наставни средства, помагала за реализиација на наставата во третиот развоен период за учениците со ПОП и потешкотии во учењето, како и недостиг од асистивна технологија во зависност од индивидуалните можности, способности и потреби на ученикот со попреченост.<br>Училишната библиотека располага со 8656 книги стручна литература, 1586 книги белетристика, 378 книги на српски и хтватски јазик и 32 енциклопедии. При издавањето се води елекртронска евиденција, како и евиденција за општетеноста и потребни лектирни изданија .<br>Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден.<br>Училиштето навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно финансиските можности.<br>Во учебната 2021/2022 година од вкупно 42 наставници, 32 наставници се вработени на неопределено работно време, а 10 наставници на определено време. На наставниците приправници, од страна на директорот навремено му се назначуваат ментори. Училиштето има еден вработен кој е унапреден со звање ментор. По вид на образование сите 42 наставници се со високо образование.<br><br>Работата на наставниците соодветно е подржана од страна на директорот и стручната служба.<br><br>При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот.<br>Стручната служба во училиштето (психолог, педагог, дефектолог, библиотекар) им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за |

| | |
|---|---|
| | соработка.<br><br>Наставниците и стручната служба подготвуваат личен план за професионален развој според кој ги подобруваат своите професионални компетенции . Училиштето има изготвено План и програма за професионалниот развој. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на МОН, БРО, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации.<br><br>Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на интерни обуки.<br><br>Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.<br><br>Финансиското работење на училиштето се контролира од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.<br>Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши од финансиски средства од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.<br>За финансиското раборење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишни и годишни извештаи за финансиско работење. |
| **7. Управување, раководење и креирање на политика** | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа . Членовите на ученичкиот парламент имаат активно учество во дискусиите кои се однесуваат на интересите на учениците.<br><br>Работата на Училишниот одбор е транспарентна за сите структури.<br><br>Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на Училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот |

| | |
|---|---|
| | одбор активно учествува во креирањето училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>Раководниот орган е директорот. За својата работа директорот има изготвено програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година.<br>Директорот има добра соработка со вработените. Работењето му е транспарентно. Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.<br>Фокусот на работење на директорот е обезбедување на современа технологија за подобрување на наставниот процес, со примена и техники на ИКТ, подобрување на условите со редовно и квалитетно одржување на објектот, уредување на училишниот двор.<br>Извршено реновирање на дел од стариот објект ( ходници и училници), варосување на фискултурната сала, хортикултурно уредување на училишниот двор,варосување на предниот дел од фасадата, донација од родители два кошаркарски кошеви, потфати во инфраструктурата и реализирана соработка со низа НВО, локална самоуправа, фондации и државни институции.<br>Раководењето на директорот се заснова на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање , реализиација и евалуација на севкупните активности.<br>Во Годишната програма за работа за учебната 2021/2022 година поаѓајќи од утврдените приоритети во развојното планирано, поставени се актуелни цели кои се добро разработени во акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи за успешно постигање.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност итн. При креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето има план за евалуација на акциските планови, преку што се следи реализацијата на поставените цели.<br><br>Развојното планирање за периодот од 2019 до 2023 година ги содржи приоритетите од идентификуваните состојби во претходната самоевалуација на училиштето. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br><br>За реализација на стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели, преку кои активности ќе се реализираат со испланирани потребни ресурси, временска рамка, индикатори и извори на доказ.<br><br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.<br>Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се врши континуирано.<br>Потребите од материјално-технички средства редовно се идентификуваат, континуирано се планираат и во најголем дел се обезбедуваат.<br>Потребните финансиски средства, материјали и услови училиштето ги обезбедува преку проекти, МОН, општината и сопствени средства обезбедени од издавање на просторот.<br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.<br>Училиштето има примери на добиени донации од родителите за подобрување на условите<br>во училниците и целосно реновирање на фудбалското игралиште. |

**4.2 Согледувања од последната интегрална евалуација на работата на основното училиште по подрачја (спроведена вооктомври 2019 година- екстерна)**

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Наставниот процес во ООУ „Кочо Рацин" Скопје се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставата по физичко и здравствено образование од прво до четврто |

| | |
|---|---|
| | одделение ја реализираат предметни наставници во тандем со одделенските наставници.<br>Содржините во поголем број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Според наставниот план, наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – IV одделение се организира продолжен престој. Наставата во училиштето се изведува во една смена.<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на првиот состанокот со родителите, преку изготвување на брошура за родителите, преку веб страната на училиштето, а исто така се посочува и веб страната на БРО.<br>Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби, особено преку реализацијата на проектот ,,Инклузивно училиште”.<br>Во учебната 2019/2020 година во училиштето учат вкупно 13 ученици со посебни образовни потреби, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција.<br>За работата со овие ученици училиштето има формирано инклузивен тим составен од седум члена, со Одлука, заведен со број 03-849/1 од 30.09.2019 година. Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите, за девет ученици со посебни образовни потреби изработува индивидуален образовен план за работа со учество на специјален едукатор и рехабилитатор. За четири ученици нема согласност од родителите и не се работи според индивидулна образовна програма. За работа со учениците со посебни образовни потреби реализирана е обука на тема „ Примена на стратегии за работа со деца во инклузивното образование‟, на која учествуваа 46 учесници и сите се сертифицирани.<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самосотојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби. Изборот се врши преку анкетирање, при што во анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од БРО.<br>Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br>Слободните ученички активности во училиштето се застапени во доволна мера и ги |

| | |
|---|---|
| | задоволуваат потребите на учениците. Активностите се планирани и евидентирани во дневниците и во извештаите подготвени од наставниците.<br>Училиштето ги почитува законските обврски и можностите и потребите на учениците и родителите. Има изготвено Проширена програма за прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започувањето и еден час по завршувањето на наставните часовив, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности.<br>Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем . Во таа насока во 2013 година склучено е партнерство со ООУ 26 јули , Општина Шуто Оризари- Скопје . Во последните три учебни години не се реализирани активности меѓу двете училишта и продолжило да ги реализира активностите за меѓуетничка интеграција но во рамките на училиштето со учениците од мешан етнички состав. Најголем дел од наставниците во училиштето се обучени и сертифицирани за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и во содржините по секој наставен предмет имаат планирано МИО активности.<br>Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Училиштето редовно се вклучува во еколошки акции организирани од Локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на Општината и слично.<br>Наставниците во училиштето имаат интегрирано меѓупредметни цели во своите планирања, а интегрирањето на целите од еко- проектот е опфатено од сите наставници.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален и друг развој<br>Учениците се вклучуваат во воонаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците. Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со посебни образовни програми во воонаставните активности.<br>Учениците делумно учествуваат со свои предог, содржини и активности во подготвување на програмите за работа за воонаставните активности.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, Општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат и на проекти од еколошка природа. Преку учеството и активностите во организираните секции, училиштето редовно ги афирмира личните постигања на |

| | |
|---|---|
| | учениците и училиштето.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.<br>Сите реализирани активности на учениците се објавуваат на веб страната и facebook страна на училиштето. Училиштето има формирано училишен спортски клуб „Кочо Рацин Центар- Скопје", регистриран во Централен Регистар на РСМ со реш. Бр. 30120150006750 од 03.04.2015 година. |
| **2.. Постигања научениците** | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Средниот успех во последните три учебни години е одличен (4,92). Според анализите во изминатите три учебни години, нема значително отстапување на средниот успех на учениците.<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Најголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, но не секогаш избираат активности и изготвуваат задачи соодветни на нивните интереси и можности.<br>Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.<br>Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи.<br>Во учебната 2016/2017 година учениците освоиле 68 награди на општински натпревари, 42 награди на регионални натпревари, 5 награди на државни натпревари. Во учебната 2017/2018 година учениците освоиле 52 награди на општински натпревари, 31 награди на регионални натпревари, 6 награди на државни натпревари. Во учебната 2018/2019 година учениците освоиле 52 награди на општински натпревари, 56 награди на регионални натпревари и 14 награди на државни натпревари. Најмногу награди се |

| | |
|---|---|
| | освоени по наставните предмети физика, биологија, хемија, македонски јазик и математика, како и од областа на спортот и хор и оркестар.<br>Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици со мешан етнички состав во рамките на училиштето.<br>Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Според анализите, бројот на запишани ученици варира за многу мал број на ученици. Во учебната 2019/2020 година 68 ученици се префрлени во ново отвореното училиште во општина Центар, ООУ ,,Киро Глигоров‟-Скопје, кои според адресите на живеење припаѓаат во тој реон.<br>Училиштето има политика на бележење и следење на изостанувањата. Од анализите што ги водат стручните соработници за последните три учебни години, може да се констатира дека има зголемување на бројот на неоправдани изостаноци. Според изготвените извештаи бројот на неоправдани изостаноци главно се должи на доцнење на првиот и третиот час (по завршување на големиот одмор).<br>Училиштето редовно ги реализира советувањата на родителите и учениците и води уредна евиденција.<br>Советувањето се врши преку комуникација со учениците, преку индивидуални и групни средби со родителите и со реализација на структурирани работилници со учениците.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи. Осипувањето на учениците кое е минимално, се следи и анализира од стручните соработници.<br>Во последните три учебни години нема ученици кои ја повториле годината. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година. |
| **3. Учење и настава** | Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година. Оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| | Најмалку два пати во учебната година се следат планирањата на наставниците од директорот и стручната служба.<br>Наставниците изработуваат дневен оперативен план за наставен час. Најголем дел од планирањата ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања.<br>Во помал дел од планирањата се вградени диференцирани активности по тежински нивоа каде што се предвидени задачи за сите ученици вклучувајќи ги и учениците кои имаат потешкотии во учењето.<br>Во дневното планирање на наставниците планирани се и техники со кои ќе се развива критичко размислување кај учениците, а во делот на рефлексијата вметнати се индикатори и критериуми со кои наставникот врши самовреднување на успешноста на наставниот час, посебно во делот во функција на развивање на критичкото размислување кај учениците.<br>Освен за задолжителните и изборните наставни премети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, дополнителната и додатна настава.<br>Училиштето нема изготвено програма за талентирани ученици.<br>За подобрување на квалитетот на планирањата, наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба.<br>Со учениците со посебни образовни потреби наставниците наставата ја реализираат во обемот на прилагодени програми кои ги изготвуваат во соработка со училишниот дефектолог, наставниците и родителите.<br>Во планирањата опфатени се сите воспитно-образовни компоненти и се запазува временската рамка за реализација. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.<br>Распоредот на часови и за предметна и за одделенска настава се изготвува од страна на наставник по математика. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места во училиштето. Истиот се реализира според предвидената динамика и според утврдените потреби на учениците.<br>Од посетените часови констатирано е дека училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот. Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Сите наставници имаа изготвено оперативен план за наставен час. Наставниците користат разновидни наставни форми и методи, што се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. |

| | |
|---|---|
| | Задачите што се работат во училиште секогаш се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Најголемиот број наставници се обучени за примена на нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат. За реализација на наставниот процес се користат бесплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето и за кои се води уредна евиденција.<br>За реализација на часовите со примена на ИКТ, во текот на интегралната евалуација училиштето располага со 36 функционални работни места за учениците од IV-IX одделение, распоредени во 3 училници и 20 ученички мини лаптопи за учениците од прво до трето одделение Најголемиот дел од компјутерската опрема е дотраена. За примена на ИКТ во наставата училиштето користи и 2 функционални ЛЦД проектори и една интерактивна табла.<br>Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се почитува. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците. Учењето во училницата е активно за поголем број на ученици, а на часовите има работна атмосфера, која е поизразена во одделенска настава.<br>Застапеноста на интерактивна настава е добра. Учениците активно се вклучени во процесот на учење. Интеракцијата е застапена на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува праку користење на наставни ливчиња, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.<br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.<br>Училиштето има интерна процедура (протокол) за следење на наставниот процес која нуди систематизираност и ефективност. Директорот на училиштето и стручните соработници редовно го следат работењето на наставниците. Има изготвено писмена процедура за следењето, посетите ги нотираат и водат посебна евиденција која се бележи во изготвен формулар за следење на час.<br>Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, |

паноа за подучување и др. Постојано се изработуваат трудови од учениците и истите се изложени на видни места, во училниците и во ходниците на училиштето. Пред училниците од одделенска настава има информативно пано за учениците и родителите.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред другите ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Со реализацијата на еко-проектот, односно точките на акција од воспоставените стандарди, учениците преземаат одговорност и се подига свеста во поглед на штедење на природните ресурси и зачувување на природната средина.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар и дефектологот, заедно со психологот и педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување.

Во училиштето за време на интегралната евалуација има 13 ученици со посебни образовни потреби, како и 6 ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици. Од вкупно 13 ученици со ПОП, за 9 ученици се изработени ИОП, дедека за 4 ученици не се изработени од причина што родителите на овие ученици не се согласуваат.

За учениците со ПОП пристапот од наставниците е добар, но не секогаш изготвуваат прилагодени вежби и задачи според потребите и можностите за работа со тие ученици.

| | |
|---|---|
| | Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.<br>Најголем број наставници користат разновидни методи за оценување. Се применуваат: чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестовите на знаење на крајот од наставните теми и друго. Оценката е сумативна од сите компоненти а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.<br>Најголем број наставници имаат политика на фер оценување, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус.<br>Учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања.<br>Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите многу добро ги применува. Секогаш се даваат конкретни и детални препораки за подобрување на постигањата, особено на учениците со послаб успех, при што советодавно се вклучува стручната служба со одредени препораки.<br>Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квартални периоди.<br>За успехот и постигнатите резултати се расправа на формално и неформално организирани поединечни или групни родителски средби, се организира ,,отворен ден‶ и имаат истакнат распоред за приемни денови на сите наставници. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник и родителите имаат пристап до него. |
| **4. Подршка на учениците** | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Не е доволно безбеден влезот на училиштето, од причина што улицата пред училиштето е прометна и брзо се вози.<br>Во училиштето има 10 противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат и 5 |

| | |
|---|---|
| | хидранта. Училиштето има ангажирано обезбедување, има поставено видео надзор, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телефонска врска.<br>Училишниот двор во училиштето е ограден и хортикултурно уреден. Училиштето г и осигурало училишните објекти, постојат и осигурителни полиси за наставниците и учениците .<br>Во училиштето има обучено лице кое поседува сертификат за давање прва помош на ученици при несреќни случаи и училиштето располага со пакет средства за прва помош.<br>Училиштето има Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, кој содржи планирани активности како работилници, трибини и предавања и е составен дела на Годишната програма за работа. Постои план за евакуација со шематки приказ кој е прикачен во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти.<br>Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури . Истите се истакнати во ходниците на училиштето. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите.<br>Учениците и родителите не учествувале во донесување на тие акти. Куќниот ред е изработен од страна на стручните служби пред повеќе години и истите не се заведени<br>Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство.<br>Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во таа смисла во училиштето се организираат и предавања за штетноста на пушењето, консумирањето на алкохол и последиците од користење на дрога и наркотични средства и во соработка со служби од надлежни институции се одржуваат работилници и трибини.<br>Во училишната зграда има истакнато плакати и постери со кој се забранува пушење, внесување и користење на дрога и други наркотични средства во училишните простори.<br>Училиштето има организирана исхрана за учениците во училиштето и дневниот престој. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не забележано појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето има механизам за вклучување на соучениците во пружање на помош за деца со телесни пречки.<br>Во училиштето има деца од социјално загрозени семејства и домот за деца без родители. Училиштето ги утврдува учениците од социјално загрозени семејства преку одделенски раководители и им пружа подршка која за нив се спроведува доколку се обезбеди надворешна финансиска помош. Училиштето превзема активности за ученици од домот и созијално загрозените семејства. Училиштето соработува со локалната заедница и други институции кога е во прашање помош за социјално загрозени ученици.<br>Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.<br>Хигиената во училиштето е добра. Училиштето воспитно делува учениците ја одржуваат личната хигиена. Подот на учлниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно пред почетокот на наставата по големиот одмор и по заминувањето на учениците, а мебелот вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на неделно и месечно ниво. Тоалетите за учениците и наставниците секојдневно се чистат и хигиената во истите е добра. Дворот на училиштето е чист, а еден дел е хортикултурно уреден.<br>Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците и систематски прегледи на вработените. Училиштето соработува со Медицински центар и Завод за здраствена заштита за преземање на епидеимилошки мерки и едукација за здраствено воспитување на учениците и родителите по одредени прашања од ова подрачје.<br>Во училиштето има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во оваа календарска година извршена е дезенфекција, дератизација и дезинсекција.<br>Согласно воспоставените ЕКО –стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатсва за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и слично.<br>Училиштето организира активности за професионалната ориентација за учениците од IX |

| | |
|---|---|
| | одделение. Учениците од деветтите одделенија се запознаваат со мрежата на средни училишта во градот, но при тоа училиштето нуди општи информации.<br>Во училиштето има посети од средни училишта за упис со презентации.<br>Во училиштето во Годишната програма има планирано процедури за откривање и работа со ученици со емоционални проблеми. Проблемите од овој вид кај децата се откриваат при упис во прво одделение и преку разговори со нив, посета на часови, разговори со родителите и наставниците. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците е добра.<br>Наставниците водат редовна и уредна евиденција за напредокот на учениците по тримесечја, полугодие и крајот на годината.<br>Училиштето располага со евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.<br>Во училиштето постојат и извештаи за успехот и поведението на учениците од кои се изготвуваат анализи за напредокот на учениците по паралелки и години. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес, но не за подобрување на планирањата на наставниците.<br>Преминувањето на учениците во друго училиште се спроведува согласно законот за основно образование. |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето** | Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите).<br>Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Учениците, членови на училишната заедница се покануваат на наставнички совет, совети на паралелки и УО. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттинувачка атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, |

верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. За учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби работи инклузивен тим кој работи со цел давање на подршка и помош на овие ученици.

Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученци во училиштето.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и во последните три години изречени се 15 педагошки мерки од кои 10 писмени опомени, 2 укори од одделенскиот раководител , 1 укор од наставнички совет и 3 намалено поведение.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и/или пишани графити со негативна содржина .

Училиштето има демократски формирано ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците**.** Учениците целосно се информирани од ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Два члена од ученичкиот парламент учествуваат на состаноците на советот на родители и Училишниот одбор. Учениците од седмо, осмо и деветто одделение имаат избрано ученички правобранител.

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања. Наставничкиот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето избира ученик на генерација со јасни критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награди и пофалница. На училишно ниво секоја учебна година се избираат и „Рациновци", ученици кои постигнале посебни резултати во одредени области.

Постигањата на учениците се истакнуваат на видно место во училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.

Најголем број на наставници во училиштето подеднакво се однесуваат со почит кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. С.Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

Од учебната 2013/2014 година училиштето го реализира МИО проектот. Активностите се планирани во  Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, решавање на конфликти. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и култура и култура и традиција на другите етнички заедници.

Училиштето планира заеднички наставни и во0нnаставни активности и врши напори да обезбеди меѓуетничка соработка со учениците и вработените со партнер училиштето ООУ „26 Јули"-општина Шуто Оризари во Скопје, но соработката е прекината поради големиот број парнер училишта со ова училиште и преоптовареност со активности.

Најголем број на наставници имаат планирано интегрирани содржини од МИО.

Училиштето планира и превзема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку

| | |
|---|---|
| | организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонннаставните активности. Соработката со родителите се реализира во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање, преку членови на училишниот одбор.<br><br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.<br>Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.<br>Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од еколошката програма. Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата и мал број примери за соработка со основните и средните училишта на државно и меѓународно ниво. |
| **6. Ресурси** | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Училишната зграда е од тврда градба и се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект. Училиштето располага со вкупно 3622 м2 внатрешен простор од кои фискултурната сала е со површина од 636 м2, дворна површина со 7180 м2 во чии простор се наоѓаат и три спортски терени со површина од 2620м2.<br><br>Училиштето располага со: 15 училници, 9 кабинети, 1 ученичка лабораторија за техничко образование, библиотека, кујна со трпезарија и простории за директор, стручни соработници, секретар/домаќин, технички персонал, 13 санитарни јазли, 1 фискултурна сала, 2 спортски терени, 1 детско игралиште.<br><br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br><br>Училиштето располага со стручна литература и наставни средства, но голем број од истите се застарени и не се обновуваат за да соодветствуваа на современите наставни |

| | |
|---|---|
| | текови за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси.<br><br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.<br><br>Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br><br>Училиштето недоволно располага со соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br>Училишната библиотека располага со 8656 книги стручна литература, 1586 книги белетристика, 378 книги на српски и хтватски јазик и 32 енциклопедии. При издавањето се води електронска евиденција. Библиотечна евиденција се води и во интерна книга. Библиотекарот е задолжен и уредно ги прибира и распоредува бесплатнитните учебници.<br>Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училиштен ден.<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно финансиските можности.<br>Планирањето и снабдувањето се врши тековно, според потребите со доворни постапки.<br><br>Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставниот процес во училиштето го реализираат го реализираат 42 наставници ( 3 мажи и 39 жени), училишен психолог, педагог, дефектолог, библиотекар и директор.<br><br>Од нив 35 наставници се вработени на неопределено работно време и 7 на определено време. Има 2 наставника и дефектолог приправници, за кои од страна на директорот е назначен ментор.По вид на образование 2 наставници имаат магистерски студии, 37 наставника се со високо образование и 3 со вишо образование. По етничка припадност 41 наставник се македонци и 1 наставник е црногорец. |

| | |
|---|---|
| | Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата и воннаставните активности.<br><br>Работата на наставниците соодветно е подржана од страна на стручната служба и административно-технички персонал. Училиштето има пропишано процедура за реализација на приправнички стаж за наставник – приправник. Директорот има определено ментори за приправниците и истите имаат изготвено програма за работа на ментор.<br>Наставниците работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.<br>При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br>Училиштето има стручна служба (училишен психолог, педагог, дефектолог, библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Училишниот дефектолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.<br><br>Вреднувањето работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во годината. Исто така потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.<br><br>Училиштето има изготвено План и програма за професионалниот развој. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на МОН, БРО, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации.<br><br>Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на |

| | |
|---|---|
| | интерни обуки.<br><br>Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.<br><br>Работата на наставникот приправник ја следи менторот и стручната служба, кои даваат соодветна и стручна помош<br><br>Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.<br><br>Финансиското работење на училиштето се контролира од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.<br>Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши од финансиски средства од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.<br>Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>За финансиското раборење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишни и годишни извештаи за финансиско работење. |
| **7. Управување, раководење и креирање на политика** | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Со важечки мандат се сите седум членови на училишниот одбор.<br><br>Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и истиот е во фаза на измени во делот на дефинирање на бројот на членови. Членовите на |

ученичкиот парламент имаат активно учество во дискусиите кои се однесуваат на интересите на учениците. Работата на УО е транспаретна за сите структури. Соработката со директорот на училиштето е многу добра.

Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Раководниот орган е директор во прв мандат. За својата работа директорот има изготвено програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година.

Директорот има добра соработка со вработените. Работењето му е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореcподенција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.

Фокусот на работење на директорот е почитување и навремено доаѓање на наставниците и учениците, обезбедување на ИКТ за подобрување на наставниот процес, со примена и техники на ИКТ, подобрување на условите со редовно и квалитетно одржување на објектот, уредување на училишниот двор, интервенирање во делот на оценување со доволно инструменти во склоп со критериумите за оценување

До сега е извршено реновирање на дел од стариот објект ( ходници и училници), варосување на фискултурната сала, хортикултурно уредувањ ена училишниот двор, потфати во инфраструктурата и реализирана соработка со низа НВО, локална самоуправа, фондации и државни институции.

Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање , реализиацијa и евалуација на сефкупните активности.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на

| | |
|---|---|
| | наставата и подобрување на постигањата на сите ученици со акцент на работа на ученици со ПОП. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Во годишната програма за работа во учебната 2019/2020 година поаѓајќи од утврдените приоритети во развојното планирање, поставени се актуелни цели: професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар со цел унапредување на работата со ученици со ПОП, ученици со потешкотии во учењето, надарени , подобрување на соработката со родителите и опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства и дидактички материјали, обновување на спортски терени и друго. Целите се добро разработени во акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи за успешно постигање.<br><br>Вработените учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема во предвид и и мислењата на родителите и на учениците.<br><br>Училиштето има План за евалвација на акциските планови преку што се следи реализацијата на поставените цели.<br><br>Развојното планирање за периодот од 2019 до 2023 година ги содржи приоритетите од идентификуваните состојби во претходната самоевалуација на училиштето за учебнитен 2016/2017, 2017/2018 година). Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br><br>Во Програма за развој планирани се следните стратешки цели: професионално усовршување на наставниот кадар, подобрување на материјално-техничките услови во училиштето, зголемување на свеста кај родителите за важноста од нивното вклучувањер во училишниот живот.<br><br>За реализација на стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели, преку кои активности ќе се реализираат со испланирани потребни ресурси, временска рамка, индикатори и извори на доказ.<br><br>Училиштето има акциски планови за следење и евалуација на развојната програма и постигањата на поставените стратешки цели. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.<br><br>Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.<br>Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се врши континуирано.<br>Училиштето има процедури за утврдување на потребите за усовршување на наставниот кадар и Програма за професионален развој на наставниците, вклучувајќи ги и обуките за работа со деца со потешкотии во развојот. Се вршат дисеминации и следење на примената на стекнатите знаења од обуките.<br>Примената на стекнатите знаења од дисеминациите се проверува преку посета на час.<br>Потребите од материјално-технички средства редовно се идентификуваат, континуирано се планираат и во најголем дел се обезбедуваат.<br>Потребните финансиски средства, материјали и услови училиштето ги обезбедува преку проекти, МОН, општината и сопствени средства обезбедени од издавање на просторот.<br>Училиштето има примери на добиени донации од родителите за нагледни средства и помагала, подобрување на условите во училниците и целосно реновирање на фудбалското игралиште. |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

| 1. Наставни планови и програми | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Годишните /тематски планирања и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.<br>➢ Примена на современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини.<br>➢ Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.<br>➢ Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.<br>➢ Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите | ➢ Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби<br>➢ На учениците да им се даде поголем избор на интересни воннаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што можат да се вклучат |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| Насоченост на училиштето и наставниците кон максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, и настојување за изнаоѓање начини за постојано доопремување | Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес |

| 2. Постигања на учениците | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Се планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците<br>➢ Во училиштето има изготвено процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби<br>➢ Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба<br>➢ Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците<br>➢ Учениците редовно добиваат повратни информации и препораки за нивните постигнувања и напредок во учењето.<br>➢ Учениците добиваат подршка и можност за проширување и продлабочување на знаењата со организација на часови за додатна настава.<br>➢ Учениците добиваат подршка и можност за подобрување на знаењата со организација на часови за дополнителна настава.<br>➢ Родителите редовно го користат е-дневникот за да се информираат за наставните содржини ,успехот и присуството на наставата на своето дете<br>➢ Учениците се вклучуваат во процесот на оценување | ➢ Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование |

| Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште | Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште |
|---|---|
| Планирање на реализација на насоки од Концепцијата за инклузивно образование | Недоволна солидна едуцираност на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби |

### 3. Учење и настава

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| ➢ Годишните /тематски планирања и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.<br>➢ Примена на иновации и современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини.<br>➢ Примена на различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.<br>➢ Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување. | ➢ Во помал дел од оперативните планови за наставен час се вградени диференцирани активности по тежински нивоа како и прилагодени задачи за учениците кои имаат потешкотии во учењето.<br>➢ За учениците со ПОП (вклучувајќи ги и талентираните деца) пристапот од наставниците е задоволителен, но потребна е дополнителна помош во изготвување на прилагодени вежби и задачи според потребите и можностите за работа со тие ученици. Треба да се подобри соработката помеѓу наставниците, родителите и стручната служба во изготвување на наставни програми според адаптирани наставни цели и предмети за работа со деца со ПОП.<br>➢ Училиштето недоволно располага со техничка опрема и нови образовни технологии во наставата. Најголем дел од компјутерската опрема е |

| | |
|---|---|
| | дотраена. Наставниците се делумно обучени за употреба на смарт таблите. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| Насоченост на училиштето и наставниците кон максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, и настојување за изнаоѓање начини за посто-јано доопремување, како и доекипирање на училиштето со потребниот кадар. | Недоволно материјални средства и извори за обезбедување на стручна литература и наставни средства кои ќе соодветствуваат со современите наставни текови и постојните потреби на наставата и воспитно образовниот процес. |
| **4. Подршка на учениците** | |
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;<br>➢ Безбедноста и хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учлениците;<br>➢ Континуирано следење на напредокот на учениците;<br>➢ Постои соработка со родителите на учениците. | ➢ Училишната простор нема пристапни рампи за ученици со телесни пречки во развојот<br>➢ Во училиштето нема приспособено тоалети за ученици со физичка попреченост |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| Училиштето настојува постојано да ја | Недостаток на финансиски средства |

| | |
|---|---|
| унапредува и подобрува работата за подршката на учениците | |
| **5 Училишна клима и односи во училиштето** | |
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Одличен углед на училиштето во општеството<br>➢ Добра комуникација помеѓу вработените<br>➢ Соработката со локалната заедница и родителите е на високо ниво<br>➢ Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици | ➢ Училиштето нема партнер училиште во рамките на проектот МИО. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| Постојана спремност и подготвеност и заложби на училиштето за подобрување на соработката со родителите и локална-та средина. | Затвореност за соработка на училиштата за реализација на МИО активности |
| **6.Ресурси** | |
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно училишниот план<br>➢ Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес<br>➢ Наставниците уредно ја водат педагошката | ➢ Училиштето располага со наставни средства, но голем број од истите се застарени и не се обновуваат за да соодветствуваа на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси |

| | |
|---|---|
| документација и евиденција | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| Постојана насоченост и политика на училиштето за изнаоѓање начини за доопремување на училиштето со опрема и нагледни средства за реализација на поквалитетен воспитно образовен процес | Недоволно финансиски средства и извори за стручно усовршување на кадарот.<br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување информатички и технички средства за квалитетно одржување на наставата. |
| **7.Управување, раководење и креирање политика** | |
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ➢ Во училиштето постојат услови за демократско одлучување<br>➢ Соработката со сите субјекти во училиштето е добра<br>➢ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето<br>➢ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет<br>➢ Условите за работа задоволуваат<br>➢ Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели<br>➢ Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и воннаставни активности<br>➢ Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од | ➢ Стручно доусовршување на наставниот кадар за користење и примена на дигитална технологија во наставата |

| | |
|---|---|
| функционален, естетски и хигиенски аспект | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањата за основното училиште** |
| ➢ Во остварувањето на целите на училиштето се вклучуваат сите субјекти | Преангажираност и немотивираност кај некои субјекти |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето  училиште есредина која  ја негува современата настава и го поттикнува личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, подеднакво обезбедувајќи индивидуален напредок во постигањата и вештините.

### ВИЗИЈА

Сакаме да станеме отворено , современо и ефективно училиште, лидер во Општината и во регионот,  во кое учниците во атмосфера на доверба, почитување и толеранција, ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развој.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| Приоритетно подрачје | Учење и настава | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 1</u>**<br>**Унапредување, осовременување и континуираност во квалитетот на наставата во чекор со развојот на образовната технологија** | | | | | |
| **Развојна цел 1.1**<br>Унапредување на материјално техничките услови и обезбедување квалитет во наставата | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>Обезбедување современи наставни средства, опрема за дигитални содржини и други помагала за примена во наставата во секоја училница/кабинет | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Обезбедување на дигитални наставни средства и помагала согласно потребите на наставниците и на учениците за осовременување на наставата | Обезбедени нови современи (дигитални) наставни средства и помагала | Директор, Тимот автор на развојната програма | Во првите две години од развојнит план опремувањ е на сите училиници / кабинети | Сопствени средства (приоритет во финансискиот план) Донации и спонзорства | Училични Одбор,<br><br>Тим составен од претставници од стручните активи |

| **Конкретна цел 1.1.2**<br>Обучување за користење на функционалностите на смарт таблите при реализацијата на наставните содржини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Обука на наставници за користење на смарт таблите со сите функционалности | Зголемен број на наставници кои реализаат настава со смарт табла<br>Зголемене број на часови со користење на смарт табла<br>Подобрен квалитет на наставата | Наставник-ментор<br>Наставници од 4 одд.<br>Одделенски и предметни наставници | Октомври /ноември 2023<br><br>2023-2027 | Смарт табли<br><br>Обучувач | Наставник-ментор<br><br>Стручни соработници<br><br>Директор |
| **Развојна цел 1.2**<br>Постојано унапредување на наставниот кадар преку поддршка на неговото стручно усовршување и стекнување на способности и вештини во спроведување на современи наставни методи и активности | | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br>Развивање на меѓународна соработка и проекти насочени на развој на клучни компетенции и доживотно учење | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Соработка со основното училиште „Вук Караџиќ" од Белград | Постигната меѓународна соработка<br><br>Реализирање | Директор<br><br>Стручна служба | Во текот на реализација та на развојниот план | Мотивирани и компетентни наставници | Наставник-ментор<br><br>Тим за професионален |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување на интерес на наставниот кадар за аплицирање на меѓународни проекти<br><br>Реализација на меѓународна соработка и проекти (eTwinning, Erazmus + и др.) | на разновидни активности, проекти со училиштето<br><br>Развивање на клучни компетенции (стекнати сертификати од меѓународни настани, проекти) | Наставници | | Тимови за аплицирање на меѓународни проекти и за меѓународна соработка | развој<br><br>Директор |
| **Конкретна цел 1.2.2.**<br>Обука на наставниците за : работа со деца со посебни образовни потреби и деца со потешкотии во учењето како и талентирани ученици | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Утврдување на досегашниот начин на препознавање деца со посебни образовни потреби и деца со потешкотии во учењето како и талентирани ученици | Дисеминација на спомenатата обука со останатите наставници<br>- Примена на новите сознанија<br>-Вклучување на | Директор<br><br>Стручни соработници<br><br>Училишен инклузивен тим<br><br>Наставници | 2023 до 2027 | Анкети<br><br>Извештаи од спроведените анкети<br><br>Посетени обуки<br><br>Извршени дисеминации од посетените | Училишен инклузивен тим<br><br>Стручни соработници<br><br>Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Обука на наставниците за идентификација на ученици со посебни образовни потреби , ученици со потошкотии во учењето и талентирани деца<br><br>Користење на асистивна технологија која ја поседува ресорната/сензорна соба во работата со овие ученици | учениците со ПОП во соодветни облици на настава<br><br>-Користење на асистивна технологија во работата со овие ученици | | | обуки<br><br>Асистивна технологија | |

| **Конкретна цел 1.2.3.**<br>Пренесување на стекнати знаења од обуки, семинари, работилници | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Дисеминација на обуките со цел пренесување на стекнатите знаења, вештини и искуства на другите наставници | Подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците | Наставници и стручни соработници кои следеле различни настани за усовршување | Постојано | Финансиски средства<br><br>Наставници и стручни соработници кои следеле различни настани за усовршување | Наставник-ментор<br><br>Стручни соработници<br><br>Директор |

| **Конкретна цел 1.2.4**<br>Промоција на наставници и ученици кои постигнуваат забележителни резултати во работата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Креирање училишно катче за пофалби<br><br>Промоција на наградените наставници и ученици на училишната веб страница | Промовирани ученици и наставници | Тим за професионален развој<br><br>Тим за естетско уредување<br><br>Училишен администратор | Во текот на реализацијата на развојниот план | Простор во училиштето потребен за училишното катче<br><br>Училишна веб страница | Директор |

| Приоритетно подрачје | Училишна клима | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2**<br>**Зајакнување на соработката со родители, бизнис заедницата и здруженијата во заедницата** | | | | | |
| **Развојна цел 2.1**<br>Интензивирање на вклученоста на родителите во училишниот живот | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1.1**<br>Заеднички активности со родителите и нивна промоција | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Вклучување на родителите од различни струки во професионалното информирање на учениците од осмо и деветто одд.<br><br>Аплицирање на повици на Фондот за Иновации и Технолошки Развој | Поголем број на вклучени родители во училишните активности<br><br>Поднесени две апликации во ФИТР | Совет на Родители<br><br>Наставници<br>стручна служба<br>директор<br><br>родители<br><br>наставници<br><br>директор | Во текот на реализацијата на развојниот план<br><br>Во текот на учебните 2023/2024 и 2025/2026 | Годишна програма за работа<br><br>конкретни идеи<br><br>родители и наставници со искуство во проекти | Директор<br><br>Стручна Служба<br><br>Совет на Родители |

| **Развојна цел 2.2**<br>Интензивирање на вклученоста на бизнис заедницата и здруженијата во заедницата во училишниот живот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 2.2.1**<br>Интензивирање на соработката со бизнис заедницата и здруженијата во заедницата | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементаци ја** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Идентификување и предлагање подрачја за заедничка соработка со здруженија во заедницата<br><br>Развивање и користење соодветни начини за соработка со институции и бизнис заедницата | Зголемена соработка со бизнис заедницата и здруженијата во заедницата | Наставници стручна служба Администратор на училишната страна | Во текот на реализацијата на развојната програма | Годишна програма за работа<br><br>Настани, конкурси,<br><br>натпревари за ученици организирани од здруженија и бизнис заедницата | Директор |

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси** |
|---|---|
| **<u>Стратешка цел 3</u>**<br>Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање иреализирарање на наставата | |
| **Развојна цел 3.1**<br>Дополнување на опрема и наставно–нагледни средства во наставата | |

| Конкретна цел 3.1.1<br>Увид на состојбата во кабинетите и училниците со нагледни средства и техничка опрема | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Избор на комисија за увид на состојбата во кабинетите, училниците, училиштето | -Утврдена е состојбата во кабинетите и училниците со нагледни средства и техничка опрема | Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Домаќин | Во учебна 2023/2024 | Компјутер<br>фотокопир<br>хартија | Директор<br>Стручна служба<br>Домаќин |

| Конкретна цел 3.1.2<br>Изработување на листа на приоритети за набавка на нагледни средства и техничка опрема и потребни обуки за осовременување настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изработка на приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | -Приоритетна листа според Нормативот за опрема и нагледни средства<br>-Набавени нови | Комисија<br>Директор<br>Наставници и Стручна служба<br>Домаќин | Од учебна 2023/2024 до учебна 2024/2025 | Компјутер<br>фотокопир<br>хартија | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорни на активи на предметна и одделенска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Набавка на наставни средства и техничка опрема | современи наставни средства и техничка опрема | | | | настава |
| **Развојна цел 3.2**<br>Обновливите извори на енергија и нивно користење | | | | | |
| **Конкретна цел 3.2.1**<br>Поставување на примероци од инсталации за генерирање, скалдирање и користење на електрична енергија од обновливи извори | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Поставување на фотоволтаичен панел со батериска единица за складирање на ел. енергија<br><br>Сијалично место од обновлива енергија<br><br>Соларен колектор за затоплување на вода | Ученици со практични познавања на обновливите извори на енерегија | МОН<br><br>Општина<br><br>Донатори - општествено одговорни компании<br><br>Ученици<br><br>Родители | Во текот на учебната 2023 / 2024 година | Донации од компании (ЕВН, ЕСМ, идр), сопствени средства<br><br>Изведувачи<br><br>Ангажман од родителите | Директор<br><br>Училишен Одбор |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите /старателите

Неразделна компонента од работењето на училиштето е и соработката со родителите.Учеството на родителите во училиштето се планира да се одвива на повеќе начини и тоа преку Советот на родители кои за своите активности треба да изготват програма за работа која се усвојува на почетокот на учебната година. Советот на родители ќе одржува редовни состаноци после секое тримесечие со цел да се информира за постигнатиот успех и поведение од изминатиот класификационен период како и за други тековни активности на училиштето. Родителите ќе имаат можност да даваат свои сугестии, предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето со цел подобрување на условите за работа. По потреба да се одржуваат и други вонредни состаноци. На истите ќе учествуваат и наставници.

На огласната табла во училиштето се истакнува список за приемен ден на секој предметен наставник, за средба со родители.Секој месец, во училиштето ќе се организира и отворен ден за средба со родители. Термините за средба со предметните наставници ќе се објавуваат (секој месец) на училишната веб страница и на фејсбук страницата на училиштето. Комуникацијата со родителите ќе се одвива и по пат на електронска пошта. Мејл адресите на наставниците се објавени на училишната веб страница.

Согласно воспоставената практика, на почетокот на учебната година родителите ќе се информираат за организационата поставеност на работата на училиштето, за наставниот план и наставните програми по предмети, за стандардите и критериумите за оценување на учениците, за активностите кои треба да ги изведува училиштето, за нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците и наставниците.

Сите информации кои треба да ги добијат родителите ќе се истакнуваат на огласна информативна табла на влезната вратана училиштето,како и на родителското катче на секоја паралелка.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност како и до сега ќе организирање разновидни општествени, културни и образовни активности со локалното население. Активно ќе се вклучува и

во манифестациите организирани од  локалната средина. Во текот на учебната година се предвидува да бидат остварени низа состаноци, средби, посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, промоции на постигнати резултати од најразличен вид, комуникација со медиуми и сл.

Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност вклучува и соработка со институции од областа на културата меѓу кои: музеи, театри, библиотеки, ликовни колонии, кино –сали и сл. Учениците континуирано во текот на учебната година ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетуваат изложби,  културно-историски споменици,  музеи и сл.

Училиштето како и досега активно ќе соработува со институции од областа на образованието:

- МОН
- БРО
- Државниот просветен инспекторат
- Детските градинки кои се во непосредна близина
- Други основни и средни училишта

Во текот на учебната година Училиштето ќе биде отворено за соработка и со невладини организации.

## 10. Следење на имплементација на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот и осовременување на наставата во чекор со развојот на образовната технологија | Преку увид во планирањата и квалитетот на реализација на планираното<br>Во текот на учебната година<br>со однапред направен распоред за следење | Стручните соработници<br>Директор | Наставниците<br>Училишен одбор<br>Совет на родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вонаставните активности | Се подготвува посебен извештај од реализацијата на вонаставните активности на ниво на училиштето, на крајот на првото полугодие и на учебната година. | Наставници<br>Стручните соработници<br>Директор | Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>Ученички парламент |
| Подобрување на квалитетот на работа со учениците со посебни образовни потреби и со надарените и талентираните ученици | Преку увид во планирањата и квалитетот на реализација на планираното<br>Редовни средби на тимовите по класификациони периоди и можност за ревидирање на плановите и целите како за учениците со ПОП така и за надарените ученици. | Наставници<br>Стручните соработници<br>Директор | Наставнички совет<br>Родителите на учениците |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училштето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација. Тие тоа ќе го реализираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 12. Заклучок

Периодот и условите во кои го изработувавме овој документ - Развојна програма за работа на училиштето во наредните четири години, беше значително поразличен од досегашниот начин на организирање на наставата и работата на училиштата досега. Бевме, а и суште сме исправени пред новите предизвици и непознанинициво однос на безбедносните опасности и закани по здравјето на учениците и вработените, сеуште не додефинараниот систем на промени на начините на организација и реализација на наста- вата во законски рамки во овие променети услови, промени и прилагодувања на Наставните планови и програми, неможноста да се направи за толку години планирање поради неможност за реални предвидувања. Се обидовме планирањето на активности да го направиме врз основа на досегашните насоки, но можеби и тоа ќе има потреба од дополнителни промени и прилагодувања за кои најверојатно ќе се наметне потреба од дополнувања со анекси или пак промени во самата програма. И покрај големите неизвесности и непознаници се надеваме, и ќе се обидеме да ги реализираме планираните активности.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Гордана Јаневска – директор
2. Сузана Камчева – психолог
3. Верица Костовска – педагог
4. Билјана Денкова – одделенски наставник, ментор
5. Габриела Апостолска – одделенски наставник
6. Марина Гроздановска – предметен наставник по географија
7. Давор Марков – родител

## 14. Користена литература


1.Законот за основно образование;

2.Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;

3. Концепција за деветгодишно образование;

4. Концепција за воннаставни активности во основното образование;

5. Правилник за формата и содржината на развојната програма на училиштето;

6.Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;

7.Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;

8.Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта;

9.Наставни планови и наставни програми за деветгодишно основно образование;

10.Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;

11. Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта;

12.Правилник за начинот на изведување екскурзиите, излетите и другите вонучилишшни активности на учениците од основните училишта;


21.08.2023 година

Скопје

Директор

--------------------------

Гордана Јаневска

Претседател на Училишниот одбор

---------------------------

Бранкица Јосифовска